**20230521027**

## ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

Врз основа на член 19 став (7) од Царинскиот закон („Службен весник на Република Македонија“ бр.39/05, 4/08, 48/10, 158/10, 44/11, 53/11, 11/12, 171/12, 187/13, 15/15, 129/15, 154/15, 192/15, 23/16, 144/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.110/21), Владата на Република Северна Македонија, на седницата, одржана на 9 март 2023 година, донесе

## ОДЛУКА ЗА УКИНУВАЊЕ НА УВОЗНИТЕ ДАВАЧКИ – ЦАРИНСКИТЕ ДАВАЧКИ ЗА УВОЗ НА ТЕСТЕНИНИ НЕВАРЕНИ, НЕПОЛНЕТИ НИТУ ПОИНАКУ ПРИГОТВЕНИ

Член 1

Со оваа одлука се пропишува мерка за укинување на увозните давачки - царинските давачки при увоз на тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени и тоа:

| Тарифна ознака | Наименување |
|---|---|
| 1902 | Тестенини, варени или неварени или полнети (со месо или со други материи) или поинаку приготвени, како што се шпагети, макарони, резанки, лазањи, њоки, равиоли, канелони; кускус, приготвен или неприготвен: |
| | -Тестенини неварени, неполнети ниту поинаку приготвени: |
| | --Други: |
| 1902 19 | ---Што не содржат обично пченично брашно или гриз |
| 1902 19 10 00 | ---Други |
| 1902 19 90 00 | |

Член 2

Стоките од членот 1 од оваа одлука ќе се увезуваат од 13 март 2023 година до 31 мај 2023 година.

Член3

Оваа одлука влегува во сила со денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

Бр. 41-2551/4
9 март 2023 година
Скопје

Претседател на Владата
на Република Северна Македонија,
д-р **Димитар Ковачевски,** с.р.